РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР. УП-1-10-8
06.04.2023 ГОД.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение Центар за истражување новинарство СКУП Македонија Скопје со број УП-1-10-8 од 15.03.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 06.04.2023 го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение Центар за истражување новинарство СКУП македонија Скопје заверено под број УП-1-10-8 од 15.03.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**:

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение Центар за истражување новинарство СКУП Македонија, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 15.03.2023 година заверено под број УП-1-10-8 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животна средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради
- Како во моментот општината управува со отпадот?
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето?
- Дали општината има регистар за загадувачи на воздух?
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето?

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира за следното:

1. За реализација на Програмата за животна средина во Буџетот на општина Ресен за 2023 година, како и преку средствакои би биле обезбедени од меѓународни донатори и национални програми, предвидените средства изнесуваат: **5.189.500,00 денари**.

2. Средствата се наменати за реализација на 40 планирани активности, распоредени во 8 групи на мерки, каде една од тие групи е **климатски промени и управување со климатските промени.**
3. Во согласност со позитивната законска регулатива, треба спроведување на принципот на регионалното управување со отпад. Регионалното управување со отпад предвидува изградба на регионална депонија.
4. Општина Ресен е дел од Пелагониски плански регион и локација на депонијата предвидена да биде на подрачјето на Општина Новаци.
5. Управувањето со комуналниот отпад во општината го врши ЈКП Пролетер и овластените постапувачи со други видови на отпад.
6. Општина Ресен не е дел од мониторинг мрежата за аерозагадувањето, во годишната Програма за животна средина, во мерката **4.4 активности поврзани со управувањето со амбиентниот воздух**, има обезбедено средства за реализација на неколку активности.
7. Активноста број 21 од Програмата за животна средина предвидува Воспоставување и одржување на Регистар на загадувачки материи и супстанции на воздухот.
8. Општина Ресен нема сериозни проблеми со аерозагадувањето.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

Изработил: Аријан Лумани

Контролирал: Дијана Кремшовска

Одобрил: Зоран Кипревски

Доставено до:
-архива
-барател на информација